# Второ КПУ во 2024 година, во ко-организација на Конто Профит и Global Consulting Group.

**Втората еднодневна Online обука (8 часа) за КПУ за 2024 година ја планираме на 5.6 (среда), во термин од 9:00 часот.**

## Термин

5-ти јуни, среда од 9:00.

## Начин на следење

Online (Zoom + YouTube stream), со обезбедена снимка за последователно повторување на материјата. Упатство за приклучување ќе добијат сите пријавени.

## Теми и агенда

**ДАНОЦИ: 2 часа (9:00-10:20) со М-р Благоја Грозданов, М-р по економски науки и овластен сметководител, бр. на уверение 0101767**

- Неживотно осигурување – даночен третман од аспект на ДЛД и ДД за 2024;
- Животно осигурување – даночен третман од аспект на ДЛД и ДД во 2024;
- Оданочување на доход од закуп и подзакуп од имот и третман на режиски трошоци во 2024.

**Пауза: 10 минути (10:20-10:30)**

**МСС и МСФИ: 3 часа (10:30-12:30) со М-р Благоја Грозданов, М-р по економски науки и овластен сметководител, бр. на уверение 0101767 и Александра Иванова, овластен сметководител, бр. на уверение 108781**

- МСС 10 и Оддел 34: настани по периодот на известување;
- МСС 19 и Оддел 28: користи за вработените;
- МСС 23 и Оддел 25: трошоци за позајмување;
- МСФИ 5: Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења.

**Пауза: 30 минути (12:30-13:00)**

**МСС и МСФИ: 1 час (13:00-13:40) со Симона Павловска, овластен сметководител, бр. на уверение 0106210 и овластен ревизор**

- Додавање на вредност од сметководствени услуги преку анализа на финансиски извештаи.

**Работни односи и деловно право: 2 часа (13:40-15:00) со М-р Јани Павловски, магистер по правни науки**

- Право на користење на годишен одмор и право на исплата на регрес: нормативен, даночен и сметководствен третман со практични примери и разрешување на дилеми кои се јавуваат во пракса.

## Предавачи

- М-р Благоја Грозданов, магистер по економски науки и овластен сметководител 0101767;
- Александра Иванова, овластен сметководител 108781;
- М-р Јани Павловски, магистер по правни науки;
- Симона Павловска, овластен ревизор и овластен сметководител, бр. на уверение 0106210.



## Цена

Цената изнесува вкупно 2.000 денари + 18% ДДВ, односно вкупно 2.360 денари по слушател. Уплатата се врши на една од трансакциските сметки на организаторите, по пополнета и испратена пријава за посета на обуката на формуларот кој може да го најдете на Веб страниците и по издадена фактура.

***Заради усогласеност со новиот Правилник за КПУ донесен од ИСОС, сите заинтересирани мора да се пријават и да извршат уплата најдоцна до 4.5.2024 и да бидат континуирано приклучени од своите компјутери за време на Онлајн семинарот, затоа што списокот со присутни и изворните податоци од платформата преку која истиот ќе се одржува мора да бидат доставени до ИСОС најдоцна 8 дена по одржување на семинарот!***